Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 05.03.2021

На 04.03.2021 во 16.10 часот, по претходна пријава, полициски службеници од СВР Тетово во содејство со инспектори од Државен пазарен инспекторат извршиле контрола во угостителски објект во Тетово, сопственост на К.К(35) од Тетово. При контролата било констатирано дека објектот не ги почитува здравствените прописи за време на епидемија, односно во моментот имало организирана свадбена веселба со околу 110 гости. Свадбата била прекината, а објектот бил затворен од Државниот пазарен инспекторат. Сопственикот К.К. бил лишен од слобода и приведен во полициска станица, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена пријава по член 206 од Кривичниот законик – „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија".

На 05.03.2021 во 02.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Македонско - Косовска бригада" се слушнало пукање. По излегување на местото на настанот од страна на полициски службеници, било пронајдено патничко моторно возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки и две лица кои не давале знаци на живот.. Од страна на лекар од Итна медицинска помош била констатирана смрт кај двете лица. Пронајдени се чаури од огнено оружје (пиштол и автоматска пушка). Утврден е идентитетот на лицата А.Б.(28) и Б.В.(24), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки и активности за расчистување на случајот.

На 04.03.2021 во 18.50 часот во Полициската станица Центар, од Градски парк бил приведен 15 - годишен малолетник од Скопје бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.03.2021 во 21.45 часот во Полициската станица Центар, од Градски парк бил приведен 17 – годишен малолетник од Скопје бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.03.2021 во 21.00 часот во Полициската станица Центар, од Градски Парк бил приведен 17 - годишен малолетник од Скопје бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.03.2021 во 12.50 часот на Граничен премин „Меѓународен Аеродром"-Скопје, од полициски службеници бил лишен од слобода Л.Л.(23) од Скопје затоа што било утврдено дека евидира со мерка „апси" врз основа на судска наредба од Основен суд Скопје 1. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициско одделение Петровец за понатамошна постапка.

На 04.03.2021 во 17.10 часот на Граничен премин „Деве Баир" од слобода биле лишени С.Е.(41) и К.М.А.(53), двајцата од Р.Турција, кои управувале товарно моторно возило „волво " и товарно моторно возило „мерцедес", двете со турски национални ознаки, бидејќи при пасошка контрола било утврдено дека поседуваат фалсификувани зелени карти. Лицата биле предадени на полициски службеници од Полициска станица Кратово за понатамошна постапка.

На 04.03.2021 во 19.20 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром" - Скопје, од полициски службеници бил приведен Ч.Р.(42) од Р.Турција бидејќи приложил негативен ПЦР тест, за кој постои основано сомнение дека е фалсификуван. Лицето било сместено во Прифатен центар за странци за понатамошна постапка.

На 04.03.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот на автопат „Пријателство", на потег помеѓу клучка Гевгелија и клучка Миравци, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Гевгелија спроведе акциска контрола над возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле откриени 15 прекршоци, од кои 13 по акциската контрола и 2 останати, за кои на возачите им биле изречени соодветни санкции.

На 04.03.2021 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои не го почитуваат правилото на минување. Притоа, регистрирани се седум прекршоци од кои три во Велес и четири во Кавадарци кои се санкционирани со соодветни поднесоци.

На 04.03.2021 во 19.10 часот во СВР Тетово било пријавено дека на автопатот Гостивар-Тетово, патничко моторно возило „опел корса" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Р.М.(52) од Тетово излетало од патот. Во незгодата, возачот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничкиот центар Тетово. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа на СВР Тетово.

На 04.03.2021 во 13.30 часот во СВР Струмица било пријавено дека на регионалниот пат Негорци – Прдејци, се случила сообраќајна незгода во која учествувале мопед „либан" со велешки регистарски ознаки,управуван од Н.П. (40) од С. Негорци и товарно моторно возило „там" со гевгелески регистарски ознаки, управувано од Л.М.(36) од Гевгелија. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Медицински центар Гевгелија. Извршен бил увид на местото на настанот од Полициската станица Гевгелија.

На 04.03.2021 во 13.45 часот во Полициското одделение Ново Дојран било пријавено дека во кругот на правен субјект во село Николиќ, Д.Ј.(29) од Гевгелија, управувајќи работна машина, удрил во С.С.(47) од село Фурка, вработен во истиот правен субјект. С.С. починал на местото на настанот, а смрт констатирала медицинска екипа. Увид на местото извршале Јавен обвинител, инспектор од Државен инспекторат за труд и екипа на Одделението за внатрешни работи Гевгелија. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот било предадено на обдукција.

На 04.03.2021 во 11.50 часот во Полициската станица Центар, А.Ѓ.(27) од Скопје пријавил дека на улица „Димитрие Чуповски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 04.03.2021 во 21.05 часот во Полициската станица Центар, В.Ч.(36) од Скопје пријавила дека на булевар „Кочо Рацин" во Скопје нејзината ќерка била касната од куче скитник.

На 04.03.2021 околу 23.50 часот на регионалниот пат Тетово-Волковија, во тетовско Стенче, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода М.И.(19) и Ф.Б.(19), двајцата од гостиварско Чегране и 17-годишник од гостиварско Форино. При нивен и преглед на возилото „фолксваген голф" со гостиварски регистарски ознаки, што го управувал Ф.Б., била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 04.03.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Штип на автопатот Штип – Миладиновци (од клучка Три Чешми до клучка Преод) спроведе контрола на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле откриени 19 прекршоци, а биле констатирани и четири други прекршоци. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 04.03.2021 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово била спроведена сообраќајна акциска контрола за санкционирање на непочитувањето на правенето на минување. При контролата биле откриени и санкционирани 33 прекршоци (ТЕ-24 и ГВ-9), најмногу непропуштање на возило на крстосница 23 (ТЕ). Десет од прекршоците, пак, (ТЕ-1 и ГВ-9) се однесуваат на непропуштање на возило кое се движи по пат означен со знак за правенето. На сите прекршители изречени им се соодветни поднесоци. Во овие активности, исто така, санкционирани се и 32 други видови прекршоци (ТЕ-17 и ГВ-15).

На 04.03.2021 во периодот од 08.30 до 09.30 часот, полициски службеници од Полициските станица за граничен премин и граничен надзор Стење и Маркова нога, во водите на Преспанското езеро во близина на место викано „Роток", во близина на брегот на езерото биле пронајдени 25 рибарски мрежи со улов на риба крап со тежина од околу 23 килограми. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Б.(19) и А.С.(22), двајцата од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". Пријавените, на 28.02.2021 на крстосница помеѓу улиците „Серафим Китановски" и „Војдан Чернодрински" во Охрид физички го нападнале Ф.К.(31) од Охрид и со закана му одзеле мобилен телефон и две банкарски картички, од кои подоцна подигнале пари.

На 05.03.2021 околу 04.00 часот во СВР Битола било пријавено дека две лица физички ја нападнале М.З.(78) и со закана и одзеле мобилен телефон и пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.03.2021 во 20.25 часот во Полициската станица Центар, В.А.(26) од Скопје пријавила дека на улица „Луј Пастер" била касната од куче скитник.

На 04.03.2021 во 15.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, Х.Ѓ.(47) од Скопје пријавила дека на улица „Аугуст Цесарец" била касната од куче скитник.

На 04.03.2021 во 11,50 часот во Полициската станица Карпош, К.П.(75) од Скопје пријавил дека на улица „Иван Цанкар" бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.С.(25) од с.Челопек, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено производство и промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 15.02.2021, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана, куршуми и др.. Од страна на полициските службеници пријавениот бил лишен од слобода.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.Н.(28) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа". На 10.02.2020 на Граничен премин Табановце, при контрола, пријавениот приложил лажна бугарска возачка дозвола.

Регионалниот центар за гранични работи Исток при БЈБ поднесе кривични пријави против А.У.(47), С.М.(40), Б.С.(25), А.Л.(46), А.Н.(45) и Д.Л.(21), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 13.01.2021 околу 20.40 часот, полициски службеници извршиле контрола во неговиот угостителски објект и констатирале дека објектот работел и после пропишаното време и во него биле затекнати 17 лица.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.И.(55) од Тетово - сопственик на угостителски објект, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 15.01.2021 околу 20.15 часот, полициски службеници извршиле контрола во неговиот угостителски објект и констатирале дека објектот работел и после пропишаното време и во него биле затекнати 10 лица.